МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
www.mrt.com.mk

З А П И С Н И К

Од Шеесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 09.10.2026 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Шеесет и втората седница на Програмски совет на МРТ: ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Томислав Кежаровски, Ивана Ефремовски, Миле Гроздаиоски, Владимир Палашевски, Бурим Рамадани, Марјан Велевски, Патриот Лумани, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

Други присутни на седницата*: Директор на МРТ Зоран Ристоски и Сања Аризанов консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот.*

Шеесет и втората седница на Програмскиот совет започна во 13:00 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Шеесет и втората седница, како што следува подолу:

Дневен ред:

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 60-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 61-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за постапките на прием и одјава, при засновање и престанок на работен однос, односно ангажман, на вработени и соработници во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија**
4. **Разгледување и усвојување на Предлог-Протокол за користење на службена е-пошта**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 60-та седница на Програмскиот совет на МРТ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Шеесетта седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 61-та седница на Програмскиот совет на МРТ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Шеесет и првата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По усвојување на Записниците, Претседателот Давор Пашоски истакна дека пред да се премине на поединечно разгледување на двата документа, би сакал накратко да се осврне на нивната подготовка, како и на целта и постапката за нивното донесување.
Тој истакна дека станува збор за еден правилник и еден протокол кои се меѓусебно поврзани и уредуваат важни аспекти од внатрешното функционирање на МРТ.
Во текот на нивната подготовка, Претседателот заедно со Билјана Бабиќ, ги разгледале документите и дале повеќе забелешки, предлози и сугестии за нивно дополнително прецизирање и усогласување.
Верзиите што се доставени за разгледување веќе ги содржат овие нивни интервенции и сугестии.
Измените биле главно во насока на појасно дефинирање на постапките, прецизирање на надлежностите и одговорностите, усогласување на терминологијата, како и меѓусебно усогласување на одредбите од Правилникот и Протоколот.
Притоа, направените интервенции не ја менуваат основната концепција на документите, туку придонесуваат за нивна поголема прецизност, меѓусебна усогласеност и поефикасна примена во секојдневното работење на МРТ.
Тој смета дека станува збор за важни документи со кои се воспоставуваат поуредени процедури, поголема институционална одговорност и подобра координација меѓу организационите единици.
Во однос на постапката за нивното донесување, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, овие документи се доставуваат на предлог на Директорот на МРТ, а ги донесува Програмскиот совет.
Поконкретно, член 83 од Статутот ги утврдува надлежностите на Програмскиот совет за донесување општи акти, додека член 84 предвидува дека предлогот за донесување општ акт го доставува Директорот на МРТ, со соодветно образложение.
Оттука, улогата на Програмскиот совет е да ги разгледа предложените документи, да спроведе расправа и да одлучи за нивното донесување.
Доколку во текот на расправата се усогласат дополнителни измени или дополнувања, тие ќе бидат соодветно евидентирани и вградени во конечниот текст.

Точка 3. Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за постапките на прием и одјава, при засновање и престанок на работен однос, односно ангажман, на вработени и соработници во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, ја отвори третата точка од дневниот ред, која се однесува на првиот документ што се разгледува, а тоа е Предлог-Правилникот со кој се уредуваат постапките при засновање и престанок на работен однос, односно ангажман, на вработените и соработниците во МРТ.

Основната цел на овој Правилник е воспоставување единствена, јасна и стандардизирана постапка, од моментот на стапување на работа или започнување на ангажманот, па сè до неговото завршување.

Со Правилникот се утврдуваат обврските на надлежните организациони единици, дејствијата што треба да се преземат и начинот на нивната меѓусебна координација. Тој ги опфаќа постапките за воведување во работата, запознавање со интерните акти, обезбедување на потребната опрема и пристапи, како и постапките при престанок на работниот однос или ангажманот.

Особено важен е делот што се однесува на заштитата на интересите на МРТ, односно примопредавањето на службената документација, работните материјали и опремата, укинувањето на корисничките пристапи и заштитата на доверливите информации.

Во текот на усогласувањето на текстот беа направени повеќе интервенции, пред сè во насока на појасно разграничување на обврските на Секторот за човечки ресурси, непосредните раководители, одговорните уредници и Секторот за информатички технологии.

Дополнително се прецизирани постапките за воведување во работата, запознавање со интерните акти и следење на работата на нововработените, вклучително и писмената оцена кога е предвидена пробна работа.

Посебно внимание беше посветено на постапките при престанок на работниот однос или ангажманот, односно на примопредавањето на задолженијата, документацијата и опремата, како и на навременото укинување на службените пристапи.

Во делот што се однесува на хонорарните соработници и давателите на услуги, дополнително се прецизирани обврските за предавање на создадените материјали, вклучително и необработените снимени материјали, како и заштитата на содржините што ѝ припаѓаат на МРТ.

Воедно, направено е и усогласување на прилозите и контролните листи со постапките и надлежностите утврдени во Правилникот.

Целта на овие интервенции е да се обезбедат јасни правила, институционален континуитет и доследно постапување, независно дали станува збор за ново вработување, ангажирање соработник или престанок на работен однос.

Важно е да се нагласи дека Правилникот не ги заменува законските процедури за вработување, туку ги уредува и дополнува внатрешните административни и организациски постапки во МРТ.

По излагањето, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски и даде збор на Маја Седрак да го презентира накусо текстот на Правилникот во изменета и дополнета форма во која се содржани и нејзините предлози и дополнување на текстот. Во кусото презентирање на документот, таа појасни дека овој документ ја уредува процедурата и постапките при прием и одјава, при засновање и престанок на работен однос, односно ангажман, на вработени и хонорарни соработници во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, надополнет и усогласен со одредби од Законот за работни односи (ЗРО), Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), Законот за јавните претпријатија (ЗЈП), Законот за административните службеници (ЗАС), Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) и Статутот на МРТ. Документот вака консолидиран ги мапира сите чекори во текот на постапката и дава јасен преглед на сите фази од процесите.
Во своето излагање, таа се осврна на постапките за воведување во работата и обврските на нововработените, заштитата на правата на вработените при престанок на работниот однос, известувањето и примената на отказните рокови согласно важечките прописи и колективните договори, како и на почитувањето на синдикалните права. Дополнително, се осврна и на постапките за ангажирање и престанок на ангажманот на хонорарните соработници и давателите на услуги.
Маја Седрак ја истакна важноста од јасно и детално уредување на постапките, прецизно утврдување на надлежностите и одговорностите на организационите единици, како и користење прегледи и контролни листи како еден вид на административни контролни механизми за поедноставно и поефикасно следење на нивното спроведување. Во таа насока, посочи дека предложените дополнувања имаат за цел понатамошно унапредување на текстот на Правилникот, неговата јасност и практична применливост.
Во продолжение на расправата, за збор се јави членот на Програмскиот совет, Марјан Велевски, кој посочи дека Предлог-правилникот детално ги уредува предвидените постапки, при што го постави прашањето дали тие досега доследно се применувале. Воедно, ја нагласи важноста од обезбедување нивна доследна и ефикасна примена во иднина.

Беким Лачи, побара појаснување во однос на судирот на интереси, конкретно дали вработен во МРТ може истовремено да биде работно ангажиран и во друг медиум.

Билјана Бабиќ појасни дека предмет на разгледување е Предлог-правилникот за прием и престанок на работен однос, односно ангажман, на вработени и соработници во МРТ, чија цел е да воспостави јасна и стандардизирана постапка, од засновањето до престанокот на работниот однос, односно ангажманот. Таа посочи дека прашањата поврзани со дополнителното работно или хонорарно ангажирање во други медиуми и институции не се предмет на непосредно уредување со овој правилник.

Во своето дополнително излагање, Маја Седрак посочи дека прашањата поврзани со дополнителното работно или хонорарно ангажирање се уредени со соодветните законски прописи, кои предвидуваат посебни постапки и услови за нивно регулирање, додека предметниот Предлог-правилник има поинаков опфат и не ги уредува овие прашања.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, ги стави на гласање предложените измени и дополнувања на Предлог-правилникот, изнесени од страна на Маја Седрак.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Во продолжение на расправата, членот на Програмскиот совет, Томислав Кежаровски, се осврна на специфичната улога и значењето на МРТ како јавен радиодифузен сервис, при што го постави прашањето дали со Предлог-правилникот и со постојните процедури се предвидени соодветни мерки за заштита и безбедност на институцијата.

Во одговор на поставеното прашање, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, појасни дека прашањата поврзани со безбедноста на институцијата се уредуваат со соодветните законски прописи и внатрешни процедури. Тој посочи дека МРТ располага со служби и системи за физичка и техничка заштита, вклучително и контрола на пристапот и видеонадзор. Воедно, истакна дека во случај на евентуално загрозување на безбедноста, функционирањето или имотот на институцијата, се постапува согласно важечките законски прописи и надлежностите на соодветните органи.

Во текот на расправата, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, истакна дека донесувањето и унапредувањето на правилниците и протоколите претставува дел од континуираните заложби за подобрување на организацијата, работните процеси и функционирањето на МРТ, преку јасно утврдување на постапките, надлежностите и одговорностите.

Надоврзувајќи се на излагањето на претседателот на Програмскиот совет, Томислав Кежаровски дополнително ја истакна потребата од разгледување на можноста за посебно уредување на безбедносните процедури во МРТ, имајќи ги предвид специфичностите на институцијата.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, се согласи со ваквиот пристап и ја поддржа иницијативата за подготовка на соодветен Протокол за безбедност на МРТ, во согласност со важечките прописи и надлежностите на органите на МРТ.

По завршувањето на расправата, Програмскиот совет на МРТ донесе заклучок за иницирање подготовка на предлог-протокол за безбедност на МРТ, со кој би се уредиле и прецизирале релевантните постапки и одговорности поврзани со безбедноста и заштитата на институцијата, во согласност со важечките законски прописи и надлежностите на органите на МРТ.

Во продолжение на расправата, за збор се јави членот на Програмскиот совет, Миле Гроздановски, кој посочи дека во минатото, при вработување во МРТ, постоеле посебни безбедносни процедури низ кои поминувале кандидатите пред засновањето на работниот однос во институцијата.

Во продолжение на расправата, за збор се јави Беким Лачи, кој го отвори прашањето за постапувањето во случаи кога, при разгледување на документацијата доставена од кандидатите на конкурс за ангажирање даватели на услуги, надлежната комисија би констатирала дека одреден документ недостасува, иако кандидатот тврди дека истиот бил приложен во затворениот коверт со пријавата. Во таа насока, побара појаснување за начинот на кој би се утврдувала фактичката состојба и би се разрешувале евентуалните недоразбирања во вакви случаи.

Во однос на поставеното прашање, Сања Аризанов посочи дека конкурсните постапки се уредуваат со соодветните законски прописи, а во насока на поголема прецизност и транспарентност предложи при пријавувањето на конкурсите за ангажирање даватели на услуги, кандидатите, покрај потребната документација, да доставуваат и посебен прилог со список на сите документи приложени кон пријавата. Притоа, посочи дека ваквиот прилог би можел да се евидентира и завери при приемот на документацијата во архивата на МРТ, со што би се обезбедила дополнителна евиденција за доставените документи и би се намалила можноста за евентуални недоразбирања при нивното разгледување.

По завршувањето на расправата, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, констатираше дека нема дополнителни забелешки или предлози и предложи Правилникот, со претходно усвоените измени и дополнувања, да биде ставен на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Точка 4. Разгледување и усвојување на Предлог-Протокол за користење на службена е-пошта

Претседателот ја отвори точката 4 од Дневниот ред која се однесува на Предлог-Протоколот за користење на службена е-пошта.

Целта на овој Протокол е воспоставување единствени правила за службената електронска комуникација во МРТ, како во рамките на институцијата, така и во комуникацијата со надворешни институции, партнери и други субјекти.
Службената е-пошта е важен дел од секојдневното работење и затоа е неопходно да постојат јасни правила за нејзино користење, заштита и управување.
Со Протоколот се уредува службената електронска комуникација, со цел да се обезбедат користење на официјалните електронски адреси, заштита на доверливите информации и личните податоци, како и зачувување на институционалната документација и континуитетот во комуникацијата.
Во текот на усогласувањето на текстот, посебно внимание е посветено на задолжителното користење на службената е-пошта за службени цели, како и на ограничувањето на користењето приватни електронски адреси за службена комуникација.
Притоа, дополнително беа прецизирани и исклучоците поврзани со заштитата на новинарските извори, имајќи ја предвид специфичноста на новинарската работа и потребата од зачувување на доверливоста на одредени комуникации.
Интервенции се направени и во делот на постапките за отворање, користење и укинување на службените електронски адреси, со појасно разграничување на надлежностите на непосредните раководители, Секторот за човечки ресурси и Секторот за информатички технологии.
Дополнително се прецизирани постапките при престанок на работниот однос или ангажманот, особено во однос на навременото укинување на пристапите и заштитата на службената комуникација.
Во овој дел е направено и усогласување со Правилникот за прием и престанок на работен однос, со цел да се избегнат различни постапки или спротивставени надлежности.
Целта на Протоколот е да се обезбедат поголема сигурност, професионалност и одговорност во службената комуникација, како и заштита на институционалните интереси и податоците со кои располага МРТ.
Претседателот истакна дека станува збор за потребен документ, особено имајќи ја предвид сè поголемата употреба на дигиталните системи во секојдневното работење.

Претседателот Давор Пашоски предложи Програмскиот совет да го донесе Протоколот за користење на службена е-пошта во предложениот текст.

Претседателот го стави предлогот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Шеесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:15 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5644/4
09.10.2026г.

_____
Давор Пашоски